**Известување за концентрација со која ПЕТРОЛ, словеначка енергетска компанија д.д., Љубљана, Словенија ќе стекне директна контрола над ВС ОИЕ 5 Република Хрватска**

**(предмет бр. 08-186 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.12.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое ПЕТРОЛ, словеначка енергетска компанија д.д., Љубљана со седиште на Дунавска цеста 50, Љубљана, Словенија, има намера да стекне директна контрола врз ВС ОИЕ 5 со седиште на ул. Стубичка 192, Јаблановец (Запрешиќ), Хрватска.

**-ПЕТРОЛ, словеначка енергетска компанија д.д., Љубљана** е акционерско друштво котирано на Љубљанската берза. Според јавно достапни информации, три најголеми акционери на компанијата во 2025 година се Ј&Т Финансе Гроуп СЕ (J&T Finance Group SE), Словенечкиот државен холдинг и Владата на Република Словенија. кое ПЕТРОЛ, словенечка енергетска компанија д.д., Љубљана е матично друштво на групацијата со истото име („Групација Петрол"), која претежно работи во Југоисточна Европа во областите продажба на горива и нафтени деривати, стоки и услуги, како и во енергетскиот сектор. Групацијата Петрол се состои од матичното друштво, 38 подружници и шест поврзани друштва во кои Петрол има малцински удел или заедничка контрола

Главните извори на приходи на Стекнувачот се:

(а) Горива и нафтени деривати: Продажбата на горива претставува основна дејност во која Петрол има значителен пазарен удел во Словенија. По аквизицијата на компанијата Кродукс Деривати Два д.о.о (Crodux Derivati Dva d.o.o), Петрол стана втор најголем продавач на горива и нафтени деривати во Хрватска.

(б) Стоки и услуги: Петрол нуди широк спектар на производи и услуги за патници, вклучително и продавници, кафулиња, сервисни станици, авторегници, резервни делови и програми за лојалност (Петрол клуб (Petrol Club), Фреш (Fresh), Хип Шоп (Hip Shop), Тип Шоп (Tip Stop), Петрол Травел (Petrol Travel), еШоп (eShop)).

(в) Енергетски решенија: Овој сегмент ги опфаќа продажбата на природен гас и електрична енергија, како и енергетски и индустриски решенија. Посебен фокус е ставен на обновливи извори на енергија и мобилност, со што се зајакнува улогата на Петрол во енергетската транзиција.

ПЕТРОЛ, словеначка енергетска компанија д.д., Љубљана има една регистрирана подружница во Република Северна Македонија:

**-Друштво за трговија со електрична енергија ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса ул. Св. Кирил и Методиј 20, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, матичен број 6645844, со регистрирана деловна дејност– трговија со електрична енергија .

**-ВС Кроатиа АпС** е друштво со ограничена одговорност кое е основано и постои во согласност со законите на Данска. Неговата основна дејност е во секторот на обновливи извори на енергија, каде што Продавачот активно развива, финансира, гради и управува со проекти за ветерни и соларни електрани со цел да се забрза транзицијата кон чиста енергија во Хрватска, работејќи низ целиот циклус на проектите: од идентификација и квалификација на локации, преку добивање дозволи, изградба и комерцијално работење, при што соработува со локалните заедници, инвеститорите и другите засегнати страни за да се обезбедат одржливи резултати.

ВС ОИЕ 5 нема регистрирани подружници во Северна Македонија, ниту пак врши деловни активности во Северна Македонија.

ВС ОИЕ 5 е единствен сопственик на три подружници:

**1. Виндспаце д.о.о**, Друштво со ограничена одговорност за услуги, со седиште на ул. Стубичка 192, Јаблановец (Запрешиќ), Хрватска регистрирано во регистарот на Трговскиот суд во Загреб, регистарски број 081052175 („**Виндспаце“(Windspace)**“);

**2. Виндспаце 1 д.о.о,** Друштво со ограничена одговорност за недвижности, со седиште на ул. Стубичка 192, Јаблановец (Запрешиќ), Хрватска, регистрирано во регистарот на Трговскиот суд во Загреб, регистарски број 081320537 („**Виндспаце 1“(Windspace 1**));

**3. ВС ОИЕ 1 д.о.о.,** Друштво со ограничена одговорност за услуги, со седиште во на ул. Стубичка 192, Јаблановец (Запрешиќ), Хрватска, регистрирано во регистарот на Трговскиот суд во Загреб, регистарски број 081466061 („**ВС ОИЕ 1“(WS OIE 1)**).

ВС ОИЕ 5 заедно со Виндспаце (Windspace), Виндспаце 1 (Windspace 1) и ВС ОИЕ 1 (WS OIE 1) се нарекува „Целна Група“.

Целната група се уште не е оперативна. Таа е формирана за спроведување на проект кој вклучува развој, изградба и управување со хибридна електрана во Хрватска, како и производство и продажба на електрична енергија.

Целната група нема директни или индиректни подружници или филијали во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

29.12.2025 година

Скопје